Градоначалникот на Општина Пехчево, Игор Поповски, на ден 21.05.2013 година ( Вторник ), ќе ги посети месните заедници Црник и Панчарево.

Целта на средбата ќе биде жителите од овие месни заедници, да се запознаат со проектите кои општината во иднина планира да ги реализира во овие населби, со средства предвидени за 2013 - 2014 година, но и да ги слушне градоначалникот приоритетите и проблемите на жителите, се со цел подобрување на животниот стандард, развој на економијата и создавање на поволна бизнис клима, решавање на комунални и инфраструктурни проблеми, поквалитетно образование, социјална заштита и здравство.

Ваквите средби даваат особен придонес во непосредната комуникација на граѓаните со локалната самоуправа, а на тој начин се создаваат и повеќе можности за спроведување на правите проекти.

# АГЕНДА

**17 часот - Посета на месната заедница Црник**

**18:45 часот - Посета на месната заедница Панчарево - Десни дол**

**19:30 часот - Посета на месната заедница Панчарево - Селото кај школата**

**20:30 часот - Посета на месната заедница Панчарево - Сува река**